**2021049740**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 став 1 и 3 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

### ОДЛУКА ЗА ИЗДАВАЊЕ КНИЖНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 100 ДЕНАРИ СО ИЗМЕНЕТИ БЕЛЕЗИ

1. Со оваа одлука се издаваат книжни пари во апоен од 100 денари со изменети белези.

2. Книжните пари во апоен од 100 денари ги имаат основните белези опишани во Одлуката за издавање апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/96), Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 100 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/00) и Одлуката за издавање банкноти во апоени од 10, 50 и 100 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/01) и Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 500 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/19), со следниве измени:

- Во Одлуката за издавање апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/96) во точката 2 в) во ставовите 1 и 2 зборовите: „Народна банка на Република Македонија“, се заменуваат со зборовите: „Народна банка на Република Северна Македонија“.

3. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/III-3/2021
26 февруари 2021 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.